ХЗ Бравура Кооперативa

Humanitarian Association for Help and Support of
People with Special Needs " Bravura Cooperativa"
Adress: M.M Brico bb
Phone : 033-413-659 / 078-349-673
E mail : bravuracooperativa@yahoo.com
https://www.bravuracooperativa.org.mk/

**Предмет:** Потврда за учество во проект

На наше искрено задоволство, ја издаваме оваа потврда на проф. д-р Марија Гогова Самоников за нејзиното активно учество во проектот „Инклузивен мост 18". Посебно значајни за проектот се нејзината висока стручност, знаење и вештини од областа на економијата, а уште поважно е што го поседува, развива, негува и имплементира социјално-емотивниот контекст на разбирање кон целната група, со целосна посветеност на сите околности, што дава сигурност за создавање на програма која во иднина ќе биде применлива практика во овие институции и верификувана од страна на Министерството за труд и социјална политика.

***Образложение за проектот:***

ХЗ „Бравура Кооператива" од Делчево имплементира проект „Инклузивен Мост 18" кој е финансиски подржан од „Цивика Мобилитас" - Скопје. Целта на проектот е да се подобри економскиот статус и основните познавања за менаџмент на децата без родители и родителска грижа сместени во мали групни домови, како евидентиран проблем во истражувањето. Овие деца живеат во заедници налик на семејство, а во текот на нивниот престој кај нив е евидентирано отсуство на економско предзнаење или работа со пари. Со наполнување на 18-годишна возраст тие добиваат од државата финансиска помош од 180.000 денари кои најчесто ги трошат во првите месеци за задоволување на краткорочни лични потреби, а со тоа се доведуваат во повторен социјален ризик. Нивниот интерес и потреби во овие години е разбирлив, но сепак и нерационален. Бидејќи за време на долгиот престој во групните домови тие не работат со пари и не менаџираат сопствени средства, исто така, не се воведени во други економски можности , како штедење, инвестирање и планирање за иден развој, овој проблем е јасен и предвидлив. Затоа, за да се воспостави едукативна програма во рамките на институциите кои даваат грижа за децата без родители и родителска грижа, проектот, покрај МТСП, ангажира и надворешни експерти и консултанти од областа на економските науки – професори од Економски факултет.

Датум: 25.1.2021

ХЗ „Бравура Кооператива"